МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН
СВЕТИ НИКОЛЕ - БИТОЛА - Р.МАКЕДОНИЈА

| Примено | 28.02.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 71/1 | / | / |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр УП1 14-3076
19.02.2018 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), министерот за образование и наука донесе:

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиските програми од втор циклус на едногодишни студии на македонски и англиски јазик по Компјутерски системи и мрежи и Софтверски технологии на Факултетот за информатика, при Меѓународниот Славјански универзитетот „Г. Р. Државин“ во Свети Николе – Битола

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус на едногодишни студии на македонски и англиски јазик по Компјутерски системи и мрежи и Софтверски технологии, на Факултетот за информатика, при Меѓународниот Славјански универзитетот „Г. Р. Државин“ во Свети Николе – Битола.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По донесувањето, на Решение бр. 20-57/4 од 12.10.2016 година, со кое е акредитирана студиската програма од втор циклус едногодишни студии на англиски јазик по Компјутерски системи и мрежи на Факултетот за информатика, Решение бр. 20-57/2 од 12.10.2016 година за акредитација студиската програма од втор циклус на едногодишни студии по Компјутерски системи и мрежи на Факултетот за информатика, Решение бр. 20-57/3 од 12.10.2016 година за акредитација на студиската програма од втор циклус на едногодишни студии по Софтверски технологии на Факултетот за информатика, Решение бр. 20-57/5 од 12.10.2016 година за акредитација на студиската програма од втор циклус на едногодишни студии на англиски јазик по Софтверски технологии на Факултетот за информатика, при Меѓународниот Славјански универзитетот „Г. Р. Државин“ во Свети Николе - Битола, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Меѓународниот Славјански универзитетот „Г. Р. Државин“ во Свети Николе - Битола до Министерството за образование и наука, се обрати со барање бр. 03-322/1 од 29.11.2017 година ( наш УП1 бр. 14-3076 од 05.12.2017 година) за утврдување

на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведените студиски програми на Факултетот за информатика, при Меѓународниот Славјански универзитетот „Г. Р. Державин“ во Свети Николе – Битола.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-3076 од 13.12.2017 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 25.01.2018 година, изврши увид и изготви Извештај бр. УП1 бр. 14-3076 од 09.02.2018 година, каде е наведено дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус на едногодишни студии на македонски и англиски јазик по Компјутерски системи и мрежи и Софтверски технологии на Факултетот за информатика, при Меѓународниот Славјански универзитетот „Г. Р. Державин“ во Свети Николе – Битола, согласно одредбите утврдени со Законот за високо образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
д-р Рената Дескоска

изработил: Љупка Димитровска
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити